**6.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО – ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ ..................14**
**7.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА 15**
**8.АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН 15**
**9. ............................... АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ 16**
**10. .................................................................................................ДРУГИ ПРИЛОЗИ 18**
10.1. Пописни листи од извршената инвентаризација на теренот 18
10.2. Нумерички податоци за постојна состојба 20
**ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ..........................................................21**

## ГРАФИЧКИ ДЕЛ

### ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ.......................................................................1:5000
2 ИЗВОД ОД ВАЖЕЧКИ ДУП ..................................................................................1:5000
3. ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ СО НАНЕСЕНИ ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ОД ДОНЕСЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА И ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ИЛИ КОИ ГРАНИЧАТ СО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН ....................................................................................................................... 1:1000
4. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА.................................................................1:1000
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА, НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ .......................1:1000
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА..................................1:1000

## ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ........................................................................... 24**
**1.ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД, ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ОПШТИНА НА КОЈА ПРИПАЃА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ................................................................................................ 24**
**2.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ............................................................................................................... 24**
**3.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО**

**ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ........................................................................................................................ 26**
3.1. Единици на градежно земјиште 28
*3.2. Класа на намени* 28
3.3. Демографска анализа 29
3.4. Сообраќајно решение 29
3.5. Нивелманско решение 33
3.6. Електро - енергетика и птт инсталации 34
3.7. Хидротехничка инфраструктура 36
3.8. Топлификациска мрежа 38
**4.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ........................ 38**
**5.ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ.......................................................................................... 46**
ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 15 46
**6. ..................................................................................МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА 65**
6.1. Мерки за заштита и спасување 65
6.2. Мерки за заштита на животната средина и природата 71
6.3. Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност 72
6.4. Заштита на културно наследство 73
**НУМЕРИЧКИ ДЕЛ.......................................................................................74**
**1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ......................................................................74**
**2. БИЛАНСНИ (СПОРЕДБЕНИ ) ПОКАЗАТЕЛИ ...............................................79**
**МИСЛЕЊА ..........................................................................................................74**
**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**
**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
1. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ - НАМЕНСКИ ЗОНИ.................................. 1:1000
2. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН ........................................................................................ 1:1000
3. ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ ..................................................................... 1:1000
4. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН .................................................................. 1:1000
5. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН - ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА........................................ 1:1000
6. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН - ЕЛЕКТРИЧНА, ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА, ТОПЛИФИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА ........................................................................................ 1:1000
7. ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО СО ДИСПОЗИЦИЈА НА НИСКО, СРЕДНО И ВИСОКО ЗЕЛЕНИЛО ........................................................................................ 1:1000
8. СИНТЕЗЕН ПЛАН ........................................................................................ 1:1000

**Член 4**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-442/5**
**Од 25.02.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за започнување постапка за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на повеќенаменски комплекс за јавни услуги во општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за започнување постапка за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на повеќенаменски комплекс за јавни услуги во општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница, одржана на ден 25.02.2021 година.**

**Број 09-527/4**
**од 25.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 8 и 24 став2, а в.в со член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ " Бр. 05/02 ), член 17, став 2 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Сл.Весник на РМ бр.6/12,144/2014, 33/2015, 104/2015 и 215/2015) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров Бр. 18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14,3/19 ), Физибилити студијата за воспоставување на јавно - приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на повеќенаменски комплекс за јавни услуги во општина Ѓорче Петров технички број 497/5, усвоена од советот на општина Ѓорче Петров со одлука број 08-1992/4 од 07.06.2019 година, советот на општина Ѓорче Петров на 51-та седница, одржана на ден 25.02..2021 година, донесе:**

## О Д Л У К А
## за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на повеќенаменски комплекс за јавни услуги во општина Ѓорче Петров

### Член 1

**Со одлуката се започнува постапка за доделување на договор за воспоставување на Јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на повеќенаменски комплекс за јавни услуги во општина Ѓорче Петров (во натамошниот текст: Договор за ЈПП).**

**Општина Ѓорче Петров е Јавен партнер кој ја спроведува постапката и ги застапува своите и интересите на Министерството за здравство до целосно завршување на постапката.**

**Потребата од проектот за изградба на повеќенаменски комплекс за јавни услуги произлегува од барањата на граѓаните за подигање на квалитетот и стандардот на административните, здравствените, социјалните јавни услуги на територија на општина Ѓорче Петров и со оглед на тоа што општина Ѓорче Петров нема буџетски средства и не располага со фискален капацитет кој може да ја гарантира и обезбеди изградбата на нов повеќенаменски комплекс за јавни услуги се започнува постапка за воспоставување на договор за ЈПП за реализација на проектот.**

### Член 2

**Цели кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за ЈПП се:**

**- Обезбедување на современи условите за давање на социјални услуги во делот на детска заштита со изградба на нова детска градинка;**

**-Подобрување на условите за работа на матичните лекари;**

**- Креирање на безбедни услови за паркирање;**

**- Обезбедување на услови за работа и функционирање на постојни мали бизниси;**

**- Подобрување на комуналната и сообраќајна инфраструктура;**

**- Подобрување на квалитетот и достапноста на јавни општински услуги;**

**- Обезбедување на простор за комерцијални у други услужни дејности во околина на УЗ „Дексион“, како и**

**- Надминување на проблемот со немање на средства за капитални инвестиции од страна на општина Ѓорче Петров, урбаната заедница и Министерството за труд и социјална политика без задолжување и идни финансиски импликации за буџетите на јавниот сектор.**

**Член 3**

**Предмет на договорот за воспоставување на Јавно приватно партнерство за проектирање, финансирање, изградба, управување и одржување на повеќенаменски комплекс за јавни услуги во општина Ѓорче Петров Петров е:**

- **Изградба на Објект 1 со целосно опремување - Социјални услуги – Детска заштита**

***Компонента 1*** **- Јавна установа детска градинка со капацитет од 120 деца (ЈУДГ) во сопственост и управување на општина Ѓорче Петров со пренесување на право на сопственост на општината во бруто квадратура не помала од 948 м2 по модел (клуч на рака),**

- **Изградба на Објект 2 без техничка опрема за јавни услуги: Здравствени услуги – јавно здравје со бруто површина не помала од 6347м2.**

***Компонента 2*** **- Примарно ниво - приватни здравствени установи (приватни матични-концесионери, ординации и поликлиники, заботехнички лаборатории и аптеки) со пренесување на право на сопственост на Министерство за здравство,**

***Компонента 3*** **- Секундарно ниво - приватни здравствени установи (специјалистичко консултативна и болничка здравствена дејност) со пренесување на право на сопственост на приватен партнер,**

***Компонента 4*** **– деловно-административен дел,**

***Компонента 4 – 1*** **(општински канцеларии/државни канцеларии) со пренесување на право на сопственост на општината,**

***Компонента 4 – 2*** **(банки, маркети, адвокатски канцеларии и слично), приземје и подрумски дел со пренесување на право на сопственост на приватен партнер,**

- **Изградба на Објект 3: Катна гаража со сервис услуги со бруто површина не помала од 5904 м2**

***Компонента 5*** **– Паркинг места за 100 возила со пренесување на право на сопственост на приватен партнер,**

***Компонента 6*** **– Модули за сервис услуги (занаетчии, билетара, магацински простор и слично) со пренесување на право на сопственост на општината.**

**Член 4**

**Видот на ЈПП е договорно и за реализација на проектот ќе се потпише договор за ЈПП преку модел на ЈПП кој се базира на капитализација на инвестицијата со стекнување на процентен дел од недвижен имот од страна на приватниот партнер, при што од страна на приватниот партнер се бара да се проектира, финансира и**

**изгради Објект 1 – Јавна установа детска градинка, Објект 2 и Објект 3, додека јавниот партнер се стекнува со право на сопственост на Објект 1, дел (%) од Објект 2 и дел (%) Објект 3, при што се утврдува фактичка состојба и направена физичка делба впишана во катастар на недвижности.**

**Член 5**

**Проценетата инвестицона вредност на договорот за воспоставување на ЈПП проектот е направена врз основа на кост бенифит анализата од Физбилити студијата и изнесува 284,425,268.00 денари, односно 4,587,504.00 евра, а критериум за избор на приватен партнер (покрај објект 1 кој ќе биде во целосна сопственост на општина Ѓорче Петров) ќе биде висината на процентот (%) од нето површината од објект 2 и објект 3 кој ќе припадне на јавниот партнер општина Ѓорче петров и Урбаната заедница „Дексиоон", а неговата почетна ќе биде 20% и ќе се се зголемува со позитивно јавно наддавање со ранг од 0,2%, при што финансирањето на ЈПП проектот е во целосна обврска (товар) и ризик на приватниот партнер.**

**Член 6**

**Избраниот модел на ЈПП и сценарио од Физибилити студија за реализација на проектот има потреба од утврдување на фази за реализација со утврдена временска рамка утврдени во следниве фази:**

**- Фаза 1, изработка на тендерска документација, објавување на јавен повик, евалуација на понудите, извештај за спроведена постапка, одлука за избор на приватен партнер, потпишување на договор за ЈПП, во период од 60 дена од добивање на согласност утврдена во член 8 став 2 од оваа одлука и носење на одлуките и решенијата од член 9 од оваа одлука,**

**- Фаза 2, усогласување на урбанистичко планска документација со задоволување на бруто изградена површина не може да биде помала од утврдената во член 3 од оваа одлука каде е дефиниран предметот на ЈПП, во период од 12 месеци од потпишување на Договорот на ЈПП,**

**- Фаза 3, изработка на основен проект за објекти утврдени во член 3 од оваа одлука каде е дефиниран предметот на ЈПП, во период 150 дена од завршување на фаза 2,**

**- Фаза 4, прифаќање и усогласување на проектна документација и добивање на одобрение за градење 30 дена од завршување на фаза 3,**

**- Фаза 5, изградба на објект 1, во период од 20 месеци од денот на добивање на одобрение за градење,**

**- Фаза 6, изградба на објект 2 и објект 3, во период од 48 месеци од денот на добивање на одобрение за градење,**

**- Фаза 7, по завршување на изградбата и запишување во Агенција за катастар на недвижности, согласно утврдената динамика,**

**- Фаза 8, утврдување на фактичка состојба со изработка на елаборати и направена физичка делба впишана во катастар на недвижности за објектите и деловите од објектите согласно постигнатиот процент од јавното наддавање.**

**Член 7**

**Времетраењето на договорот за воспоставување на ЈПП е фиксен и се утврдува на 6 (шест) години, а започнува да тече од датумот на потпишување на договорот за ЈПП.**

**Договорот за воспоставување на ЈПП ќе се воспостави како концесија за јавна работа кој ќе се потпише со приватниот партнер кој ќе биде избран како најдобра понуда со највисок процент од член 5 и ќе биде утврден со одлуката за избор.**

**Договорот за воспоставување на ЈПП се базира на принципот на Проектирање, Финансирање, Изградба и Пренос на објект 1 на општината и % дел од објект 2 и објект 3. Или, според меѓународната терминологија, предлогот е познат како DFBT, Design, Finance, Building and Transfer.**

**Член 8**

**Договорот за воспоставување на Јавно приватно партнерство ќе се додели преку спроведување на *отворен повик* во согласност со Законот за концесии и јавно приватно партнерство и Законот за јавни набавки во рок не подолг од 18 (осумнаесет месеци) од денот на стапување во сила на оваа Одлука.**

**Спроведувањето на постапката и објавувањето на отворениот повик ќе започне најдоцна во рок од 60 дена сметано од денот на: уредување на правата и обврските помеѓу ОЃП и МЗ со потпишување на меѓусебен договор, како и донесување на Одлука за давање на право на трајно користење на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и давање на согласност за спроведување на постапката за јавно приватно партнерство на градежно земјиште со право на трајно користење од страна на Владата на РСМ согласно одредбите од Законот за градежно земјиште.**

**Член 9**

**Градежните активности ќе се спроведуваат согласно условите од законот за градба, а сите останати поволности (даноци, надоместоци, такси и слично) ќе се носат со посебни одлуки и решенија согласно закон во фаза на реализација на проектот, а ќе се утврдат во тендерската документација.**

**Член 10**

**Опфатот на инвестицијата и предметот на ЈПП утврден во член 3 од аспект на урбанистички планска документација се базира и на мислење од Секторот за урбанизам на Град Скопје дека како најповолна варијанта за локалната самоуправа, варијанта 4 од алтернатива 2 за Детален урбанистички план за СЗ 13 е во согласност со ГУП 2012-2022 и**

**Регулациониот план за градска четврт СЗ 13 блок 02, каде се наоѓа локалитетот, при што бруто изградена површина не може да биде помала од утврдената во член 3 од оваа Одлука каде е дефиниран предметот на ЈПП, што ќе бидат параметри кои ќе бидат дел од тендерската спецификација при објавување на јавниот повик.**

**Член 11**

**Се овластува градоначалникот на општина Ѓорче Петров, по влегувањето во сила на одлуката да формира Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство, која се состои од претседател и најмалку 4 (четири) члена и нивни заменици од општинската администрација и надворешни стручни лица.**

**Комисијата е потребно да подготви, организира и спроведе постапката за доделување на договорот за воспоставување на ЈПП (подготовка на тендерската документација, објавување на јавниот повик за доставување на понуди за доделување на договор за ЈПП, евалуација на понудите, изготвување на извештај за евалуација, предлог одлука за избор на приватен партнер, да подготви договор почитувајќи ги одредбите на оваа одлука), како и да спроведе други дејствија поврзани со спроведувањето на постапката за доделување на договорот за воспоставување на ЈПП со избраниот понудувач, по донесувањето на одлуката за избор на приватниот партнер согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство.**

**Член 13**

**Висинита на надоместот за издавање на тендерската документација се определува во износ од 15.000,00 денари.**

**Член 14**

**Одлука ќе се објави во „Службен Весник на Република Северна Македонија, ВЕБ страната општината и во Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Член 15**

**Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Член 16**

**Со стапувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи одлуката број 08-3418/5 од 24.10.2019 година, објавена во (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 12/19).**

**Број 08-442/6** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 25.02.2021 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за поставување на амбиентален пречистувач на воздух (АПВ);**

**Се објавува Одлуката за давање согласност за поставување на амбиентален пречистувач на воздух (АПВ), што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница, одржана на ден 25.02.2021 година.**

**Број 09-527/5**
**од 25.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член член 36 и член 62 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 51-та на седницата одржана на ден 25.02.2021 година, донесе:**

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за поставување на амбиентален пречистувач на воздух (АПВ)**

**Член 1**

**Оваа Одлука е донесена врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка бр.03-1224/1 од 30.06.2020 година со Друштво за производство, услуги и трговија, Дарис Инженеринг ДООЕЛ Скопје со цел за остварување на соработка за поголема примена на иновативни технологии во институции на територија на општина Ѓорче Петров.**

**Член 2**

**Со одлуката се дава согласност на Друштво за производство, услуги и трговија, Дарис Инженеринг ДООЕЛ Скопје за поставување на функционален прототип од првиот амбиентален пречистувач на воздух (аеропречистителна кула) со предвиден капацитет Q ≥ 100.000$m^3/h$, по сопствена иновативна технологија како дел од проектот одобрен од ФИТР на локација на КП. 6418, која врз основа на ИЛ. 93923 е земјиште чиј носител на право на сопственост е Република Северна Македонија.**

**Член 3**

**Согласноста се дава врз основа на доставен Основен проект за изградба на Амбиентален пречистувач на воздух – Аеромат со фото-напонски панели за производство на електрична енергија со максимален инсталиран капацитет до 5 kW кои се поставуваат на објекти, лоциран на КП6418/1, КО Ѓорче Петров 6, општина Ѓорче Петров – Скопје, со димензии на АПВ: 2,6×2,6×6,76m (Ш×Д×В), а кој е проектиран согласно барањата на општите и посебните урбанистичко архитектонски услови за дадената локација за градба во склоп на урбанистичката парцела Г.П. 4.1 (ДУП за градска четврт СЗ 15 во општина Ѓорче Петров - Скопје).**

**Член 4**

**Согласно обврските од Меморандумот за соработка сите трошоци за поставување и одржување на Амбиентален пречистувач на воздух – Аеромат, се на товар на**

**Друштво за производство, услуги и трговија, Дарис Инженеринг ДООЕЛ Скопје, додека за други права и обврски ќе се постапува согласно одредбите од Меморандумот за соработка.**

**Член 5**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-442/7**
**Од 25.02. 2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Град Скопје за осветлување на улици на територија на општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Град Скопје за осветлување на улици на територија на општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница, одржана на ден 25.02.2021 година.**

**Број 09-527/6**
**од 25.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член член 36 и член 62, а во врска со член 14 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка, („Службен весник на Република Македонија бр.79/09), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 51-та на седницата одржана на ден 25.02.2021 година, донесе:**

## О Д Л У К А
## за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Градот Скопје за осветлување на улици на територија на општина Ѓорче Петров

### Член 1

**Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Град Скопје за финансиско учество во проект за осветлување на улици на територија на општина Ѓорче Петров, кои врз основа на поделбата се во надлежност на Градот Скопје.**

### Член 2

**Со одлуката се утврдува начинот, условите, финансирањето и други прашања поврзани со реализација на проектот за остварување на заедничка цел и интерес во функција на подобрување на условите на граѓаните за спроведување преку проект за осветлување на улици на територија на општина Ѓорче Петров кој ќе се реализира во фази, а кои се под надлежност на Град Скопје, а се однесува на целосно осветлување на:**

- **Ул.„Шар Планина“ и**
- **Ул.„Лепенец“.**

### Член 3

**Градот Скопје и општина Ѓорче Петров ќе учествуваат со финансиски средства од своите буџети за 2021 година, предвидени во програмите за Одржување и развој на јавното осветлување.**

### Член 4

**Секоја од фазите на реализација ќе се спроведуваат во соработка на одговорни лица од општина Ѓорче Петров и Град Скопје, при што ќе се врши усогласување на активностите врз основа на утврдена спецификација.**

**Вредноста на изведените работи ќе биде еднаква на вкупната вредност од поединечните позиции за секоја од фазите потребни за реализација на проектот, кои ќе се вкалкулираат со вредности кои се еднакви на оние кои Градот Скопје и општина Ѓорче Петров ги имаат врз основа на склучени договори за одржување и развој на**

**јавно осветлување кои се потпишани со економски оператори по спроведена јавна набавка, пришто проектот нема да создаде дополнителни финансиски импликации и ќе биде во рамки на програмите за 2021 година.**

**Член 5**

**За реализација на одлуката, градоначалникот на општина Ѓорче Петров и градоначалникот на Град Скопје ќе склучат договор во форма и содржина пропишана со Закон за меѓуопштинска соработка каде ќе се утврдат сите права и обврски за реализација на секоја од фазите на проектот за осветлување на улиците од член 2 на оваа Одлука.**

**Член 6**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-442/8**
**Од 25.02.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за измени и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Програмата за измени и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница, одржана на ден 25.02.2021 година.**

**Број 09-527/7**
**од 25.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 и 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02), член 99 од Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), член 79 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 51-та седница одржана на 25.02.2021 година, донесе:**

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополна на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров**

**Во програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров се врши измена и дополнување на следниот начин:**

**Во табелата во делот (А) Просторен опфат и предмет на Програмата после редниот број 4 се додаваат уште седум нови градежни парцели наведени во следната табела со редни броеви:**

| | ДУП за Зона мало стопанство (Одлука бр. 07-3224/4 од 23.12.2008) |
|---|---|
| 5 | Градежна парцела Бр. ГП – 1.27А, ДУП за Зона мало стопанство |
| 6 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.13, ДУП за Зона мало стопанство |
| 7 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.14А, ДУП за Зона мало стопанство |
| 8 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.14, ДУП за Зона мало стопанство |
| 9 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.19, ДУП за Зона мало стопанство |
| 10 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.21, ДУП за Зона мало стопанство |
| 11 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.22, ДУП за Зона мало стопанство |

**Се врши измена и дополнување во Точка 2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и урбанистички план) на начин што се додава Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели.**

**Б. Податоци за градежни парцели (ГП) што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање - ДУП за Зона мало стопанство (Одлука бр. 07-3224/4 од 23.12.2008)**

5. **Градежна парцела Бр. ГП – 1.27А, ДУП за Зона мало стопанство**

| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Намена на замјиште | Компатибилна намена | Компактибилна намена и Макс.дозволен % на комп.намени | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Макс.дозволена висина на венец | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | m2 | m2 | | | % | | m` | ден./ m2 | денари |
| 1.27А | 691 | 249 | Лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта - Г2, Г4-30% | Д1 | Д1-(10-15) | П+1 | 8,0 | 70 | 48.370,00 |

**Графички прилог:**




| нумерација на градежна парцела | класа на намена | висина по катови | мах висина м | површина на парцела (м 2) | П(м 2) градба | бруто П (м 2) развиена | потребен број на паркинг места во сопс. парцела | алтернативна класа на намена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.27.А. | Г3 Д2 | П+1 | 8,0м | 691 м2 | 249 м2 | 497 м2 | 5 | Г2,Г4 до30%, Д1 10-15% |

6. **Градежна парцела Бр. ГП – 2.13, ДУП за Зона мало стопанство**

| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Намена на замјиште | Компатибилна намена | Компактибилна намена и Макс.дозволен % на комп.намени | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Макс.дозволена висина на венец | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | m2 | m2 | | | % | | m` | ден./ m2 | денари |
| 2.13 | 1.196 | 846 | Лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта - Г2, Г4-30% | Д1 | Д1-(10-15) | П+1 | 8,0 | 70 | 83.720,00 |

**Графички прилог:**




| нумерација на градежна парцела | класа на намена | висина по катови | мах висина м | површина на парцела (м 2) | П(м 2) градба | бруто П (м 2) развиена | потребен број на паркинг места во сопс. парцела | алтернативна класа на намена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.13. | Г3 | П-1 | 8,0м | 1196 м2 | 846 м2 | 1692 м2 | 17 | Г2, Г4 до30%, Д1 10-15% |

**7. Градежна парцела Бр. ГП – 2.14А, ДУП за Зона мало стопанство**

| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Намена на замјиште | Компатибилна намена | Компактибилна намена и Макс.дозволен % на комп.намени | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Макс.дозволена висина на венец | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | m2 | m2 | | | % | | m` | ден./ m2 | денари |
| 2.14А | 567 | 416 | Лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта - Г2, Г4-30% | Д1 | Д1-(10-15) | П+1 | 8,0 | 70 | 39.690,00 |

**Графички прилог:**




| нумерација на градежна парцела | класа на намена | висина по катови | мах висина м | површина на парцела (м 2) | П(м 2) градба | бруто П (м 2) развиена | потребен број на паркинг места во сопс. парцела | алтернативна класа на намена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.14.А. | Г3 | П+1 | 8.0м | 567 м2 | 416 м2 | 832 м2 | 8 | Г2, Г4 до30%, Д1 10-15% |

8. **Градежна парцела Бр. ГП – 2.14, ДУП за Зона мало стопанство**

| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Намена на замјиште | Компатибилна намена | Компактибилна намена и Макс.дозволен % на комп.намени | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Макс.дозволена висина на венец | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | m2 | m2 | | | % | | m` | ден./ m2 | денари |
| 2.14А | 654 | 489 | Лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта - Г2, Г4-30% | Д1 | Д1-(10-15) | П+1 | 8,0 | 70 | 45.150,00 |

**Графички прилог:**




| нумерација на градежна парцела | класа на намена | висина по катови | мах висина м | површина на парцела (м 2) | П(м 2) градба | бруто П (м 2) развиена | потребен број на паркинг места во сопс. парцела | алтернативна класа на намена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.14. | Г3 | П+1 | 8,0м | 654 м2 | 489 м2 | 977 м2 | 10 | Г2, Г4 до30%, Д1 10-15% |

9. **Градежна парцела Бр. ГП – 2.19, ДУП за Зона мало стопанство**

| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Намена на замјиште | Компатибилна намена | Компактибилна намена и Макс.дозволен % на комп.намени | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Макс.дозволена висина на венец | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | m2 | m2 | | | % | | m` | ден./ m2 | денари |
| 2.19 | 1678 | 1218 | Лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта - Г2, Г4-30% | Д1 | Д1-(10-15) | П+1 | 8,0 | 70 | 117.460,00 |

**Графички прилог:**




| нумерација на градежна парцела | класа на намена | висина по катови | мах висина м | површина на парцела (м 2) | П(м 2) градба | бруто П (м 2) развиена | потребен број на паркинг места во сопс. парцела | алтернативна класа на намена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.19. | Г3 | П+1 | 8,0м | 1678 м2 | 1218 м2 | 2436 м2 | 24 | Г2, Г4 до30%, Д1 10-15% |

**10. Градежна парцела Бр. ГП – 2.21, ДУП за Зона мало стопанство**

| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Намена на замјиште | Компатибилна намена | Компактибилна намена и Макс.дозволен % на комп.намени | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Макс.дозволена висина на венец | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | m2 | m2 | | | % | | m` | ден./ m2 | денари |
| 2.21 | 2976 | 2030 | Лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта - Г2, Г4-30% | Д1 | Д1-(10-15) | П+1 | 8,0 | 70 | 208.320,00 |

**Графички прилог:**




| нумерација на градежна парцела | класа на намена | висина по катови | мах висина м | површина на парцела (м 2) | П(м 2) градба | бруто П (м 2) развиена | потребен број на паркинг места во сопс. парцела | алтернативна класа на намена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.21. | Г3 | П-1 | 8.0м | 2976 м2 | 2036 м2 | 4072 м2 | 41 | Г2.Г4 до30%. Д1 10-15% |

**11. Градежна парцела Бр. ГП – 2.22, ДУП за Зона мало стопанство**

| Бр. на ГП | Површина на ГП | Површина под градба | Намена на замјиште | Компатибилна намена | Компактибилна намена и Макс.дозволен % на комп.намени | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Макс.дозволена висина на венец | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | m2 | m2 | | | % | | m` | ден./ m2 | денари |
| 2.22 | 4319 | 3009 | Лесна и незагадувачка индустрија и стоваришта - Г2, Г4-30% | Д1 | Д1-(10-15) | П+1 | 8,0 | 70 | 302.330,00 |

**Графички прилог:**




| нумерација на градежна парцела | класа на намена | висина по катови | мах висина м | површина на парцела (м 2) | П(м 2) градба | бруто П (м 2) развиена | потребен број на паркинг места во сопс. парцела | алтернативна класа на намена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.22. | Г3 | П+1 | 8.0м | 4319 м2 | 3009 м2 | 6018 м2 | 60 | Г2, Г4 до30%, Д1 10-15% |

**(3) <u>Се надополнува дел 4. Динамика на реализација на Програмата</u>**

| Ред. број | | Градежни парцели | Број на турнуси за објавување на оглас | Временски период за објавување на огласите |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 5 | Градежна парцела Бр. ГП – 1.27А, | Прв турнус | втор квартал на 2021 год. |
| | 6 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.13, | | |
| | 7 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.14А, | | |
| 2 | 8 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.14, | Втор турнус | втор квартал на 2021 год. |
| | 9 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.19, | | |
| | 10 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.21, | | |
| | 11 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.22, | | |

**Се врши измена и дополнување во точка 5 во Табела 5. Проценка на финансиските приливи по ДУП на следниот начин:**

| Ред. број | Градежни парцели | Број на турнуси за објавување на оглас | Проценка на финансиски приходи (во денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | Градежна парцела Бр. ГП – 1.27А, | Прв турнус | 48.370,00 |
| 2 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.13, | | 83.720,00 |
| 3 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.14А, | | 39.690,00 |
| 4 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.14, | Втор турнус | 45.150,00 |
| 5 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.19, | | 117.460,00 |
| 6 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.21, | | 208.320,00 |
| 7 | Градежна парцела Бр. ГП – 2.22, | | 302.330,00 |
| Вкупно | Вкупна површина на градежни парцели м2 | | 12.081 |
| Вкупно минимум | Почетна цена – 70 ден./м2 | | 845.040,00 |
| Вкупно максимум | На последното наддавање се постигна цена од 100 (евра)/м2 Но во пресметките е земена вредност од 40 (евра)/м2 што реално се очекува за овие градежни парцели | | 29.719.260,00 |

**Програмата за измена и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Ѓорче Петров стапува на сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров.**

**Број 08-442/9** — **Совет на општина Ѓорче Петров**
**Од 25.02.2021 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Илија Спасовски с.р**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за усвојување на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница, одржана на ден 25.02.2021 година.**

**Број 09-527/8**
**од 25.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 51-та седница одржана на ден 25.02.2021 година, ја донесе следната**

**О Д Л У К А**
**За усвојување Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Ѓорче Петров за период 2020-2025 година**

**Член 1**

**Се усвојува Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Ѓорче Петров за период 2020-2025 година.**

**Стратегијата е составен дел од оваа Одлука.**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-442/10**
**Од 25.02.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Општина Ѓорче Петров**

# Стратегија
# за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Ѓорче Петров

**Јануари  2021**

**Листа на кратенки**

**БРО – Биро за развој на образованието**

**ДПИ – Државен просветен инспекторат**

**ЕУ – Европска Унија**

**ИКРУ – Индикатори за квалитетот на работата на училиштето**

**МИО – Меѓуетничка интеграција во образованието**

**МОН – Министерство за образование и наука**

**НВО – Невладина организација**

**СР – Совет на родители**

**РСМ – Република Северна Македонија**

**ЦСОО – Центар за стручно образование и обука**

**УО – Училиштен одбор**

## 1. ВОВЕД

**Образованието претставува еден од главните општествени столбови без кој невозможно е да се замисли успешното функционирање на современиот човек. Од една страна тоа ги запознава учениците со најновите сознанија во различните научни области што е неопходно за натамошен прогрес, а од друга страна им ги пренесува на учениците традициите, културата и одбележјата на припадниците на одреден народ со што има важна улога во зачувувањето на неговиот идентитет.**

**Културниот идентитет во нашето општество се заснова на мултикултурни принципи кои претставуваат основа за градење на интеграција и взаемно почитување независно од етничката, верската и друга припадност. Основното образование има значајна улога во негување и развивање на овие вредности.**

**Меѓуетничка интеграција во образованието претставува вложување во иднината на децата како идни граѓани во мултиетничкото општество.**

**Реформите во образованието не опфаќаат само подобрување на академските знаења туку и учење коешто помага учениците да се подготват да живеат во мултикултурно општество и тоа е нагласено како во многу меѓународни документи (УНЕСКО, УНИЦЕФ, Совет на ЕУ), така и во официјалните документи на Владата на Република Северна Македонија и образовните институции: Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (МОН и БРО, 2007); Индикатори за квалитетот на работата на училиштата (МОН и ДПИ, 2015); Основни професионални компетенции и стандарди за наставници, Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници и Професионални компетенции за директори на основни и средни училишта.**

**Во рамките на своите надлежности, Општина Ѓорче Петров во соработка со училиштата вложува напори да го помогне процесот на меѓуетничка интеграција. Преку поддршка на иницијативи и проекти, креира политика за промовирање на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на децата и младите. Активностите за меѓуетничка интеграција во образованието промовираат интеракцијата и социјализацијата меѓу учениците од различните заедници. Учеството на учениците во заеднички активности, создава можност за непосредна комуникација и меѓусебен контакт, меѓусебно запознавање и формирање интерперсонални релации, учење едни за други и ги намалува стереотипните предрасуди за другите.**

**Имајќи ја предвид важноста од меѓуетничка интеграција во образовниот процес, општината Ѓорче Петров донесе одлука константно да ја унапредува соработката во подрачјето на меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанската вклученост на младите во заедницата.**

**Во рамките на тие заложби е и изработката на овој документ: „Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Ѓорче Петров“. Со него се опфатени законската рамка и можностите на локалната самоуправа за меѓуетничка интеграција во образованието, сегашна состојба во основните училишта, стратешките цели, мисијата и визијата, подрачјата на промени и активности во училиштата за унапредување на соживотот и толеранцијата.**

**Процесот на подготовка на Стратегијата за меѓуетничка интеграција го водеше Работна група, формирана од градоначалникот на општина Ѓорче Петров, составена од стручните служби во општинската администрација, советот на општина Ѓорче Петров и општинските основни училишта. Во сите фази на подготовка и изработка на Стратегијата, работната група имаше целосна поддршка и помош од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) како национален имплементатор на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието.**

**Стратегијата е усвоена од страна на советот на општина Ѓорче Петров.**

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА СТРАТЕГИЈАТА

**„Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Ѓорче Петров", има за цел создавање на поволна политичка, социјална и економска клима во училиштата преку постигнување на одржлива интеретничка интеграција како и подигање на свеста за меѓуетничка интеграција и толеранција кај учениците, наставниците и локалната заедница.**

**Општината ќе се стреми за целосна соработка за МИО и граѓанска вклученост на младите, преку:**

- **изработка на општински акционен план за активности за МИО и граѓанска вклученост на младите, заснован на елементите од годишните планирања на училиштата;**
- **обезбедување финансиски средства, друга материјална и логистичка поддршка за училиштата во делот на активностите за МИО и граѓанската вклученост на децата и младите;**
- **формирање општинска комисија за планирање, учество во реализацијата и следење на реализацијата на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите;**
- **активно вклучување на вработените од одделни сектори и одделенија, особено од одделението за образование;**
- **соработка со тимовите за училишна интеграција од основните и средните општински училишта, претставниците од Училишните одбори, Советите на родители и локалната заедница;**
- **соработка со невладините организации од сферата на интеркултурното образование, меѓуетничката соработка и разни акции во заедницата;**
- **соработка со клучните образовни институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО);**
- **соработка и размена на искуства со други општини;**
- **информирање на јавноста за активностите за МИО преку користење на содржините од веб-страницата на општината, локални и национални електронски медиуми;**

- **организирање кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од меѓуетничко интегрираното образование и граѓанската вклученост на младите во општеството;**
- **водење процес за воспоставување на партнерства меѓу училиштата за реализирање активности за меѓуетничка интеграција;**
- **поттик и поддршка за креирање мрежа на училиштата во општината и/или во соработка со други општини за реализирање на меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка во доменот на меѓуетничка интеграција и граѓанската вклученост на младите.**

## 2.1 Мисија и визија на „Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Ѓорче Петров“

**Визија**

**Основните училишта во општина Ѓорче Петров обезбедуваат еднакви можности и еднакви услови за образование за сите ученици без разлика на нивната етничка, верската или друга припадност, промовирајќи меѓуетничка интеграција преку почитување, соработка и споделување на еднакви вредности.**

**Мисија**

**Во основните училиштата во општината создаваме стимулативна средина која промовира интеракцијата и социјализацијата меѓу учениците од различните етнички заедници и создава можност за непосредна комуникација и меѓусебен контакт и креирање на заедничко кохезивно општество.**

## 2.2 Методологија

**Стратегијата е подготвена од страна на Работна група, формирана од градоначалникот на општината Ѓорче Петров. Работната група беше составена од стручните служби во општинската администрација, претставници од советот на општина Ѓорче Петров и претставници од општинските основни училишта.**

**Работната група имаше целосна менторска поддршка, преку директни посети и работилници во период од мај до декември 2020 година.**

**Претставниците на општината Ѓорче Петров активно беа вклучени во следниве МИО обуки: Работилница за размена на искуства и креирање на концепт за стратешки документ на општината за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост; Работилница за јакнење на соработката меѓу општините, училиштата и локалната бизнис заедница за поддршка на младински иницијативи; Работилница за споделување добри практики, предизвици и научени лекции од страна на училиштата кои реализираа заеднички часови.**

### 2.3 Принципи на МИО на ниво на општина

- **Взаемна доверба и партнерство**

**Принципот на воспоставувањето на взаемна доверба и партнерски однос помеѓу различни етнички групи претставува еден од најзначајните принципи во МИО.**

**Овој принцип претпоставува прифаќање и почитување на етничките разлики и запознавање на културата, обичаите и традицијата, јазикот и историјата, верската припадност на другите етнички заедници. Општина Ѓорче Петров ќе продолжи со градење на позитивен став кон различните етнички заедници во мултикултурно општество.**

- **Учество и размена на мислење**

**Активно вклучување на сите инволвирани страни во активностите на меѓуетничката интеграција на учениците, наставниците, родителите и локалната заедница преку разменување на мислења, знаења и искуства. Учество на ученици од различни етички заедници во наставниот процес и вонучилишните активности. Општината Ѓорче Петров ќе ја поттикнува интеракцијата и градењето на дух на соработка и размена на мислења преку учество во заеднички проекти и активности.**

- **Транспарентност**

**Принципот на транспарентноста овозможува јавноста навремено да биде информирана за активностите на МИО. Општина Ѓорче Петров и основните училишта навремено и точно ќе доставуваат информации преку веб страниците на општината и основните училишта и други официјални интернет медиуми и други електронски медиуми.**

- **Одговорност**

**Одговорноста се однесува на општината Ѓорче Петров, основните училиштата, социјалните партнери, но и сите индивидуи кои активно учествуваат во образовниот процес.**

- **Еднакви можности**

**Принципот на еднакви можности подразбира обезбедување еднакви услови и еднакви можности за образование на сите ученици, без разлика на нивната етничка или верска припадност. Создавање на поволна политичка, социјална и економска клима во училиштата за постигнување на одржлива интеретничка интеграција.**

### 2.4 Целни групи

**Оваа Стратегија ги вклучува општините, училиштата, родителите, како и граѓанските организации, локалните бизниси и секако граѓаните на општината Ѓорче Петров.**

### 2.5 Временска рамка

**Временската рамка за спроведување на Стратегијата е 5 (пет) години и таа ќе се спроведува од 2021 година до 2025 година.**

**Во акциониот план, како составен дел на Стратегијата, подетално се определени роковите за реализација на планираните активности за меѓуетничка интеграција во образованието.**

## 3. ЗАКОНСКА РАМКА И МОЖНОСТИ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

### 3.1 Меѓуетничката интеграција во образованието во стратешките документи на РСМ

**Република Северна Македонија е потписник на значајни меѓународни документи коишто се однесуваат на човековите права, правата на детето, како и граѓанските права:**

- **Универзалната декларација за човекови права (Член 26);**
- **Член 27 од Меѓународен пакт за граѓански и политички права;**
- **Членовите 28, 29, 30 од Конвенцијата за правата на детето; Член 5 од Конвенцијата на УНЕСКО против дискриминација во образованието;**
- **Ставките 34 и 35 од Документот од состанокот во Копенхаген од Конференцијата за човекова димензија на ОБСЕ;**
- **Членовите 2 и 4 од Декларацијата на ОН за правата на лицата кои припаѓаат на национални или етнички, религиозни и јазични малцинства;**
- **Членовите 5, 6, 12, 13, 14 и 15 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства;**
- **Европската повелба на Советот на Европа за регионални и малцински јазици;**
- **Европската повелба на Советот на Европа за социјална кохезија.**

**Мултиетничкиот карактер на земјата е дефиниран во Уставот на РСМ, во законите за основно и средно образование, како и во Националната стратегија за развој на образованието и Концепцијата за деветгодишно основно воспитно образование.**

**Мултикултурализмот и разбирањето на „другите“ е еден од четиринаесетте принципи во рамките на Концепцијата за деветгодишно основно образование. Според овој принцип учениците преку наставните содржини, методи и активности треба да стекнуваат знаења и вештини потребни за разбирање и почитување на „другите“, како и за промовирање на вредностите меѓу учениците - почитување на разликите меѓу луѓето, нивната култура, јазик и традиција.**

### 3.2 Образованието на заедниците согласно Уставот на РМ

**Според Уставот на РСМ, секој има право на образование. Образованието е достапно за сите под еднакви услови. Основното и средното образование се задолжителни и бесплатни. Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразат, негуваат и да го развиваат својот идентитет и националните карактеристики. Република Северна Македонија ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет. Припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основно и средно образование, на начин утврден со Закон. Во училиштата каде што наставата се изведува на јазиците на другите етнички**

**заедници, се изучува и македонскиот јазик[1]. Уставот и законите поврзани со образованието содржат одредби со кои се промовира почитување на различните култури, толеранција и недискриминација.**

## 3.3 Мултиетничкиот карактер на РМ во Законот за основно образование

- **Законот за основно образование забранува дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожа, национална, социјална, политичка или религиозна афилијација или социјален статус во остварување на правото за основно образование. Следното е дел од целите на основното образование: 1) развој на писменост и вештини за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик како и на јазиците на заедниците; 2) образование за заемна толеранција, соработка, почитување на различностите, основните човекови права и слободите.**

**Во рамки на основните професионални компетенции и стандарди за наставниците, стручните соработници и директори, една од шестте компетенции е посветена на областа „Социјална и образовна инклузија", ставајќи акцент на развојот на мултиетничките надлежности.**

## 3.4 Тематските насоки во Стратегијата на РМ за интегрирано образование

**Мерките од Стратегијата се поделени во три тематски насоки кои се однесуваат на носечките активности за меѓуетничката интеграција. Насоките дадени во тематските подрачја допираат прашања од: демократското владеење во училиштата во децентрализирана средина, заедничките наставни и вонnаставни активности, јазичните постигнувања, наставните содржини и учебници, како и обука за наставници за водечките концепти и принципи за надминување на поделбата по етнички и јазични линии во училиштата.**

**Во Министерството за образование и наука е формирана работна група со одговорност за следење на работата на конкретните активности во училиштата за меѓуетничка интеграција. Важно е да се напомене дека една од целите на оваа работна група е да се одбегне преклопувањето на активностите за МИО на терен.**

## 3.5 Вклучени страни во процесот на образование

- ***<u>Министерство за образование и наука (МОН)</u>***

**Министерството за образование и наука има мисија да го развива образованието и воспитно-образовниот систем во Република Северна Македонија, да ја развива науката, научните достигнувања и иновации преку примена на принципите на квалитет, економичност, граѓанска одговорност и поврзаност со пазарот на трудот. Со примена на овие принципи ќе се овозможи и рамноправно учество на Република Северна Македонија во европските образовни економски и политички интегративни процеси. Министерството за образование и наука има визија да ги промовира вредностите и темелите на квалитетното образование и наука како клуч за подобрување на квалитетот на животот во целокупното општество. Министерството за образование и наука доделува мали грантови за сите училишта во Република**

[1] Член 44 и Член 48 од Уставот на Република Северна Македонија.

**Северна Македонија кои ќе аплицираат со активности за меѓуетничка интеграција во образованието.**

- ***Биро за развој на образованието (БРО)***

**БРО е орган на управа во состав на Министерството за образование и наука, одговорно за целокупниот образовен развој, вклучувајќи ги и наставните планови и програми. Сите одлуки се носат на централно ниво, иако БРО има свои канцеларии и во поголемите градови. Од 2012 година, советниците на БРО се дел од голем број обуки поврзани со меѓуетничка интеграција во образованието.**

- ***Државен просветен инспекторат (ДПИ)***

**ДПИ е орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука и врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедување на квалитет на образованието, ефективност преку евалуација на работата на воспитно-образовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието и воспитанието. При утврдување на оценката за квалитетот на воспитно-образовниот процес, во текот на интегралната евалуација, се поаѓа од Индикаторите за квалитетот на работата во училиштата што се пропишани и донесени од страна на Министерството за образование и наука. Индикаторите исто така се користат за вршење на увид на работата на училиштата од аспект на меѓуетничка интеграција во образованието.**

- ***Центар за стручно образование и обука (ЦСОО)***

**ЦСОО е јавна установа во која треба да се усогласуваат и да се интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во РСМ и е центар кој ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука.**

**Центарот врши стручни работи од областа на следењето, вреднувањето, проучувањето, унапредувањето, истражувањето и развојот на стручното образование и обука, како и други работи во согласност со Закон, актот за основање и статутот.**

- ***Државен испитен центар (ДИЦ)***

**Надлежностите на ДИЦ се да подготвува национална програма за екстерна евалуација на основното и средното образование согласно европските стандарди; да прибира, обработува и врши анализа на резултатите од тестирањето за проверување на постигањата на учениците во основното и во средното образование; да учествува во подготовка на концепцијата за матура и завршни испити во средното образование; да изготвува тестови за екстерните испити во државната матура; и да врши обука на кандидатите за директори на основни и средни училишта и да го спроведува испитот.**

- ***Училишни одбори***[2]

**Училишниот одбор е одлучувачко тело одговорно за управување со училиштето. Составот, надлежностите и задачите на училишниот одбор се определени со Законот за основно образование и статутот на училиштето. Улогата на училишниот одбор во училиштето е да донесува Статут на основното училиште; предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината; донесува програма за развој на училиштето; донесува програма за воведување на повисоки стандарди и други програми; предлага финансиски план и завршна сметка и врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште.**

---

[2] Училишниот одбор е составен од: училишниот персонал (менаџментот, стручната служба и наставниците), преставници од општините и од родителите.

- *Училишно раководство (директор и стручната служба)*

**Училишното раководство (директорот и стручната служба) се обучени за примена на МИО во училишните активности преку подготовка на годишните планови за работа кои вклучуваат посебен дел за заеднички ученички активности и партнерство со други училишта. На училишното раководство му е неопходен континуиран професионален развој за поголемо успешно управување со човековите и финансиските ресурси за зајакнување на нивните капацитети за подобро справување со сите обврски на професионален начин.**

- *Наставници*

**Наставниците од сите основни и средни училишта се обучени како да планираат и да реализираат активности за МИО во рамките на редовната настава, како и во воннаставните активности со фокус на заедничките ученички активности. На наставниците и понатаму им е потребна дополнителна поддршка во применувањето на заедничките ученички активности за поттикнување и унапредување на социјализација, пријателство и взаемно прифаќање меѓу учениците.**

- *Родители – Совет на родители*

**Иако родителите можат да учествуваат во секојдневните наставни активности и да бидат партнери на наставникот и училиштето воопшто, нивната вклученост е многу мала. Согласно Законот за основно образование, родителите имаат тројца претставници назначени од советот на родители во училишниот одбор. На тој начин родителите можат да учествуваат во процесот на донесување на одлуки во училиштето за предлагање на годишната програма за работа на училиштето и годишен извештај, изработка на финансиски план, донесување на статутот на училиштето итн. Ова значи дека вклученоста на родителите во наставните и воннаставните активноста може значајно да придонесе во унапредувањето на меѓуетничката кохезија на учениците од различни заедници/јазици и нивно вклучување во граѓански иницијативи и акции за подобрување на квалитеот на живеење во училиштето, локалната и општествената заедница.**

## 4. ОБРАЗОВАНИЕТО НА НИВО НА ОПШТИНА

### 4.1 Децентрализација во образованието на РМ

**Со децентрализацијата, поголем дел од надлежностите во делот на образованието се пренесени на локално ниво и општина Ѓорче Петров е надлежна за организирање на образовниот процес во основното образование. Исполнувајќи ја својата законска обврска, општината го презеде управувањето, финансирањето и основањето на основните училишта кои се на нејзина територија.**

**Со еден претставник, општината учествува во работата на училишниот одбор кој претставува орган на управување со училиштето. Локалната самоуправа е надлежна за финансирањето на работата на основните училишта преку управувањето со средствата добиени од централната власт, а исто така може да издвои дополнителни – сопствени средства кои би се користеле за подобро функционирање на воспитно-образовниот процес во училиштата. Општините имаат**

**надлежност во сферата на основањето на нови основни училишта, како и престанокот со работата на основните училишта на територијата на општината.**

**Согласно Законот за локална самоуправа, Општината е надлежна за обезбедување на целосен опфат во задолжително основно образование преку реонизација на основните училишта и основање и затворање на основни ичилишта, по добиена согласност од МОН.**

**Донесена е Одлука за реонизација на основните училишта. Со одлуката за утврдување на реони на основните училишта, за секое училиште е утврден реонот или територијата од која училиштата ќе ги опфаќаат учениците. На ниво на општината е изготвена процедура која се однесува на уписот на првачиња во основните училишта.**

**Општина Ѓорче Петров има изготвено „Стратегијата за основно образование на општина Ѓорче Петров (2017-2021)" со која се направи детална анализа на состојбата во основното образование се дефинира мисијата и визијата, како и стратешките цели во образованието.**

**Локалната самоуправа има обврска да го подобрува квалитетот во основното образование да обезбеди современи услови за образование преку одржување на објектите и инвестиции во инфраструктурна и образовна опрема и да го афирмира образованието во локалната средината. Општините имаат клучна улога во зајакнување на демократското учество во промовирање на соработка помеѓу образовните институции и локалната заедница.**

## 4.2 Податоци за основните училишта во општината

**Според пописот од 2002 година во општина Ѓорче Петров живеат 41 693 жители[3]. Според проценката на населението за 2014 година што ја направи Државниот завод за статистика на Р.М., во општина Ѓорче Петров живеат 42 235 жители[4] (20 658 мажи и 21 577 жени) .**

**Општината Ѓорче Петров е претежно населена со Македонци 85%, Срби 4%, Албанци 4%, Роми 3%, Турци 1% и 4% други.**

**Најголем број од населението во општина Ѓорче Петров е со средно ниво на образование (57%). Со основно образование има 22%, со високо образование има 8,6%. Во општината има жители кои немаат оформено основно образование (се претпоставува дека станува збор за постарата популација).**

**На подрачјето на општина Ѓорче Петров работат 6 (шест) основни училишта: ООУ „Ѓорче Петров", ООУ „Мирче Ацев", ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски", ООУ „Страшо Пинџур", ООУ „Тихомир Милошевски" и ООУ„Јоаким Крчовски".**

**Во општинските основни училишта во општината во учебната 2020/2021 година запишани се вкупно 3,554 ученици, што е најголем број во последниве 5 години.**

---

[3] ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2002 - КНИГА XIII ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Скопје, 2005

[4] ПРОЦЕНИ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА 30.06.2014 И 31.12.2014 СПОРЕД ПОЛОТ И ВОЗРАСТА ,
ПО ОПШТИНИ И ПО СТАТИСТИЧКИ РЕГИОНИ (НТЕС 3 - 2007 ГОДИНА), СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД: Население и социјални статистики 2.4.15.10821 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Скопје, 2015

**Во табела 1 може да се види националниот состав на учениците од прво до деветто одделение.**

**Во однос на националниот состав има Македонци 85%, Роми 6%, Албанци 5%, Турци 0,8%, Срби 0,8% и други 1,7%.**

**Националниот состав на вработените во општинските основните училишта може да се види во табела 2 .**

**Табела 1**

| НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2020 год. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОПШТИНСКО СНОВНОТО УЧИЛИШТЕ | УЧЕНИЦИ | | | | | |
| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | други |
| ООУ МИРЧЕ АЦЕВ | 695 | / | 9 | 12 | 8 | 4 |
| ООУ ДИМИТАР БЕРОВСКИ | 876 | 2 | 3 | / | 2 | 4 |
| ООУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 212 | 11 | 17 | 43 | 3 | 47 |
| ООУ СТРАШО ПИНЏУР | 448 | / | / | 152 | / | / |
| ООУ ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ | 478 | / | / | 3 | 5 | / |
| ООУ ЈОАКИМ КРЧОСКИ | 325 | 168 | / | 8 | 13 | 6 |
| ВКУПНО | 3,034 | 181 | 29 | 218 | 31 | 61 |
| ВКУПНО во% | 85% | 5% | 0,8% | 6% | 0,8% | 1,7% |
| ВКУПНО УЧЕНИЦИ | 3,554 | | | | | |

табела 2

| НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ НА ВРАБОТЕНИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2020 год. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОПШТИНСКО СНОВНОТО УЧИЛИШТЕ | УЧЕНИЦИ | | | | | |
| | Макед | Алб | Турци | Роми | Срби | други |
| ООУ МИРЧЕ АЦЕВ | 65 | / | 1 | / | 2 | 4 |
| ООУ ДИМИТАР БЕРОВСКИ | 77 | / | / | / | 3 | / |
| ООУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 44 | / | / | / | 2 | / |
| ООУ СТРАШО ПИНЏУР | 55 | / | 1 | / | / | / |
| ООУ ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ | 43 | / | / | / | 2 | / |
| ООУ ЈОАКИМ КРЧОСКИ | 38 | 17 | / | / | 1 | 1 |
| ВКУПНО | 322 | 17 | 2 | / | 10 | 5 |
| ВКУПНО во % | 90% | 4,7% | 0,5% | 0% | 2,8% | 1,4% |
| ВКУПНО УЧЕНИЦИ | 356 | | | | | |

**Основното образование во сите 6 општински основни училишта се одвива на македонски наставен јазик. Учениците од албанска националност учат на албански наставен јазик во Подрачното основно училиште „Јоаким Крчовски"во Никиштане.**

| БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ПО НАСТАВЕН ЈАЗИК ЗА 2020 год | |
|---|---|
| НАСТАВЕН ЈАЗИК | Број на ученици по |
| МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК | 3.373 |
| АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК | 181 |

## 4.3 Советот на општина Ѓорче Петров

**Советот на општина Ѓорче Петров е основач на општинските основни училиштата и тој ги донесува годишните програми и годишните извештаи на училиштата. Членовите на советите во општините, преку соодветните комисии за образование, по правило имаат континуиран мониторинг, вклучувајќи го и периодот кога се донесуваат годишните програми и извештаи на училиштата.**
**Во рамките на своите надлежности, советот на општината:**

- **ги именува и ги разрешува претставниците во училишните одбори,**
- **го разгледува и го усвојува годишниот извештај за работата на училиштето,**
- **ја разгледува и ја усвојува годишната програма за работа на училиштето,**
- **го разгледува и го донесува годишниот финансов план на училиштето,**
- **ја разгледува и ја усвојува завршната сметка на училиштето,**
- **може до ДПИ да достави барање за вонредна интегрална евалуација и екстерно проверување и оценување на напредокот и постигањата на учениците.**

### 4.4 Подготовка на наставниците

**Во секое основно училиште во општина Ѓорче Петров е формиран тим за училишна интеграција (СИТ), чии членови преку различни обуки стекнаа знаења и вештини за спроведување на активностите за МИО со учениците. Стекнатите знаења и вештини, тимовите за училишна интеграција ги дисеминираа во училиштата, со што сите наставници од сите основни и средни училишта во Република Северна Македонија се обучени да планираат и да спроведуваат активности за меѓуетничка интеграција во редовната настава и во вонnаставните активности.**

## 5. АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МИО

### 5.1 Подрачја на планирање

### 5.1.1 Наставни и вонnаставни активности

**Општината Ѓорче Петров ќе поддржува заеднички наставни активности (заеднички часови) со ученици од различни наставни јазици според планиран обем и разновидност што ќе произлезе од донесените годишни програми на основните училишта, а ќе се однесуваат на МИО во делот на одржување на заедничка настава. Заедничките часови по одредени предмети со ученици од различни наставни јазици/заедници може да се одржуваат исклучиво со претходно обучување од ментори/експерти на наставниците за реализација на овој посебен вид на настава.**

**Општината ќе поддржува вонnаставни активности според планиран обем и разновидност што ќе произлезе од донесените годишни програми на основните училишта, а ќе се однесуваат на МИО во делот на секции, екскурзии, натпревари, приредби, мултикултурни работилници, уметнички изведби активности на ученичките заедници, граѓански иницијативи и акции и друго.**

**Афирмацијата на учениците и училиштата општината ќе ја реализира преку својата веб-страница, на седниците на комисијата за образование, култура и спорт, на седници на советот на општината, преку обраќањето на градоначалникот по донесените годишни извештаи на основните и на средните училишта, на локалните ТВ канали.**

### 5.1.2 Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците

**Општината развива систем на организација на заеднички активности за МИО, преку организирани меѓуучилишни средби на повеќејазичните и еднојазичните училишта, на кои се споделуваат искуства, се стекнуваат нови познанства, се планираат заеднички наставни и вонаставни активности. Општината ќе се грижи за подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците, особено преку вклучување на наставници, родители и постојано зголемување на бројот на ученици од мешан етнички состав во вонаставните активности.**

### 5.1.3 Размена на искуства и информации при планирање

**Општината ќе организира заеднички средби на стручните активи од основните училишта со цел да се разменат искуства и да се споделат информации при планирањето на заеднички наставни и вонаставни активности – интегрирани активности. Посебен акцент се дава на организирањето на заеднички часови, заеднички секции, екскурзии и приредби. Општината ќе поддржи консултативни и организациони средби со ментори/експерти за планирање на наставата, активности за МИО и сл.**

### 5.1.4 Утврдување на образовните потреби на учениците

**Општината ќе поддржи активности за обезбедување посебна поддршка на учениците коишто изучуваат различен јазик од мајчиниот преку организирани посети на курсеви за јазик, користење интерактивни техники – компјутерски курсеви, ликовни изложби, разни заеднички настани и меѓусебно дружење во текот на наставата и надвор од редовната настава.**

### 5.2 Поддршка и промовирање на меѓуетнички активности

**Општината Ѓорче Петров ќе обезбеди матерјална и логистичка поддршка за реализација на активностите за промовирање на меѓуетничката интеграција и граѓанска вклученост образованието преку следниве активности:**

- **Проекти за културата, обичаите, верската припадност и традицијата во рамки на наставната програма на часовите по општествена група предмети.**
- **Едукација, дијалог, играње улоги во рамки на наставната програма**
- **Дополнување и доуредување на Етно катчињата во училиштата**
- **Организирање на ликовни и литературни конкурси**

- **Свирење на традиционални инструменти и слушање музика од различни етнички заедници**
- **Организирање на спортски натпревари во рамки на општинскиот училишен спорт**
- **Еколошки работни акции по кои следува другарување и забава**
- **Реализација на Велигденски/Бајрамски Базар со учество на родителите со домашни изработки на традиционална храна и украси**
- **Формирање на партнерство со училиште со друг наставен јазик и реализирање на активности со партнерските училишта**
- **Обука и дисеминација на наставен кадар**
- **Вклучување на родителите во промоција на МИОА**
- **Организирање на заеднички активности со НВО**
- **Промоција на реализираните меѓуетнички активности**
- **Унапредување на видливоста и медиумска покриеност на позитивните практики на МИОА**

## 6 УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО (правата на децата, еднаков и правичен третман на сите ученици, прифаќање и промовирање на мултикултурализмот)

**Општината Ѓорче Петров ќе поддржува активности – работилници, средби, предавања и меѓуучилишна соработка за запознавање на родителите и наставниците за почитување на правата на децата согласно Конвенцијата за правата на децата. Општината ќе ги следи механизмите со кои ќе се обезбеди промоција на еднаквоста и правичноста кон децата без разлика на полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите.**

**Општината ќе се грижи училиштата да планираат и да реализираат активности со кои учениците ќе се поттикнуваат на активно слушање, искажување на своето мислење и прифаќање на мислењето на другите во групата, демократско учество во училиштата и на ниво на заедницата, итн.**

**Општината ќе се грижи училиштата да водат политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата, нивно заемно прифаќање и потпирање. Општината ќе поддржи активности во кои што учениците од различните етнички/јазични заедници учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија.**

## 7. СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ СО УЧИЛИШТАТА И МЕЃУУЧИЛИШНАТА СОРАБОТКА

**Со цел да се поттикнуваат, поддржуваат и унапредуваат активностите за МИО и граѓанско вклучување на младите со иницијативи и во акции во заедницата, како и да се одржува и унапредува соработката на општината Ѓорче Петров со училиштата за зајакнување на МИО на ниво на општина, активности што ги спроведува општината се следни:**

- **учество на обуки, работилници и состаноци со застапени теми и активности за МИО;**
- **изработка на акционен план на општината за МИО којшто се проследува на усвојување од страна на советот на општината;**
- **насочување, следење, координирање и поддршка на училиштата за спроведување на активностите за МИО;**
- **обезбедување соодветни ресурси на училиштата за спроведување на активности за МИО;**
- **организирање настани за промовирање на МИО на ниво на општина и вклучување на медиумите за информирање на јавноста;**
- **поддршка и учество во организирање на кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од МИО;**
- **објавување успешни приказни за МИО на општинската веб-страница;**
- **водење на процесот за партнерство меѓу училиштата за МИО;**
- **поддршка и поттик во креирање мрежа на училиштата во општината и меѓу различни општини за реализирање на меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка за МИО;**
- **соработка со образовните институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО), невладини организации и со други општини.**

**Во општината Ѓорче Петров се формира Координативно тело за МИО и граѓанска вклученост на младите кое одржува редовна комуникација и соработка со тимовите за училишна интеграција (СИТовите). Координативното тело за МИО треба да бара од тимот за училишна интеграција во секое училиште, да:**

- **испраќа глобален акционен план и детални акциони планови за активности за МИО;**
- **известува редовно за датумите за активностите на МИО во училиштето (од - до дена пред активноста);**
- **информира редовно за постигањата и евентуалните пречки, проблеми или предизвици во реализацијата на активностите за МИО во училиштето.**

## 8. ПОДДРШКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МИО НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

**Со цел да се поддржуваат училиштата во натамошното подобрување на активностите за МИО на ниво на општина како и да се согледа нивото на постигнатост на МИО и потребата од организирање натамошна поддршка и помош од општината за**

училиштата, Координативно тело за МИО организира состаноци со координаторите на тимовите за училишна интеграција во текот на месец август за: известување за постигањата во МИО и граѓанската вклученост на младите во училиштата во текот на претходната учебна година; разгледување на можностите за унапредување на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите во училиштата и општината; планирање на активности за МИО и граѓанска вклученост на младите во наредната учебна година и внесување на истите во годишните програми за работа на училиштата за наредната учебна година. За таа цел општината ќе подготвува годишен Акционен план.

## 9. СЛЕДЕЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

### 9.1 Евалуација

Координативно тело за МИО континуирано ќе ја следи реализацијата на планираните активности за меѓуетничка интеграција во образованието на ниво на општина, ќе дава поддршка на активностите, а на полугодишна основа ќе ги собира податоците и ќе врши евалуација согласно Акциониот план.

### 9.1. Видливост на постигањата на стратегијата

Општина Ѓорче Петров ќе се залага активностите на училиштата редовно да се објавуваат на ВЕБ страната на секое училиште, на Веб страната на општината, ќе организира презентирање на постигањата на јавни манифестации за граѓаните на општината.

За МИО активностите редовно ќе се врши информирање на јавноста за активностите за МИО преку користење на содржините од веб-страницата на општината, локални и национални електронски медиуми, организирање кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од меѓуетничко интегрираното образование и граѓанската вклученост на младите во општеството.

Општина Ѓорче Петров афирмацијата на учениците и училиштата ќе ја реализира преку својата веб-страница, на седниците на комисијата за образование, култура и спорт, на седници на советот на општината, преку обраќањето на градоначалникот по донесените годишни извештаи на основните и на средните училишта, на локалните ТВ канали.

## 10. АКЦИОНЕН ПЛАН

Составен дел на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на општина Ѓорче Петров е петгодишниот Акционен план во прилог како табела на планирани активности.

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Градот Скопје за уредување на јавни површини со поставување елементиод урбана опрема за спорт и рекреација на подрачјето на општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Градот Скопје за уредување на јавни површини со поставување елементиод урбана опрема за спорт и рекреација на подрачјето на општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и првата седница, одржана на ден 25.02.2021 година.**

**Број 09-527/9**
**од 25.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член член 36 и член 62, а во врска со член 14 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка, („Службен весник на Република Македонија бр.79/09), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 51-та на седницата одржана на ден 25.02.2021 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ѓорче Петров и Градот Скопје за уредување на јавни површини со поставување елементи од урбана опрема за спорт и рекреација на подрачјето на општина Ѓорче Петров

### Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу општина ЃорчеПетров и Град Скопје за уредување на јавни површини со поставување елементи од урбана опрема за спорт и рекреација на подрачјето на општина Ѓорче Петров.

### Член 2

Елементите од урбаната опрема за спорт и рекреација согласно Член 1 од оваа Одлука, кои треба да се постават на подрачјето на општина Ѓорче Петров се состојат од :

- 1 маса за пинг-понг,
- 1 маса за шах-единечна,
- 1 маса за табла - единечна,
- 1 клупа.

### Член 3

Средствата неопходни за реализација на одлуката се обезбедени од буџетот на Град Скопје за 2021 година во износ од 346.119,00 денари со вклучен ДДВ и истите ќе се користат исклучиво за намената утврдена во Член 2 на оваа Одлука, согласно прописите со кои се уредува изградба на објекти од таков тип.

### Член 4

За реализација на одлуката, градоначалникот на општина Ѓорче Петров и градоначалникот на Град Скопје ќе склучат договор во форма и содржина пропишана со Закон за меѓуопштинска соработка, меѓу кои ќе се определат локациите на кои ќе се постават елементите од урбаната опрема.

**Член 5**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-442/11**
**Од 25.02.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**